ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:31-166/10**

**Дата: 27.09.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА ГОСТИВАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар за 2010 година.

Во текот на ревизијата беше разгледано спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година. Утврдено е дека поголем дел од дадените препораки се спроведени, од кои најзначајно е преземањето во своја надлежност на утврдувањето и наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште, како и уредувањето на градежното земјиште.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Во Општина Гостивар не е воспоставен систем на јавна внатрешна финансиска контрола, што создава ризик од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на приходи од даноци, такси и надоместоци. Во текот на ревизијата се изготвени и донесени пишани процедури во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината.
Во однос на реалноста и целосноста при утврдувањето и наплатата на приходите, во Општина Гостивар е присутен проблемот на ажурирање на податоците во регистарот на обврзници за данок на имот од аспект на утврдување на вредноста на недвижниот имот согласно Методологијата за утврдување на пазарната

вредност на недвижниот имот. Проценката на пазарната вредност на недвижниот имот започната во 2010 година не е сеуште завршена, односно кај правните лица е целосно завршена, додека кај физичките лица проценката е извршена делумно. За надминување на оваа состојба, дадена е препорака да се продолжи со постапката за ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот.

Во билансот на состојба побарувањата по основ на даноци не се реални од аспект на застареност. За надминување на оваа состојба Општината има изготвен преглед на застарени побарувања од изминати години и предлог до Советот за донесување одлука за отпис на побарувањата. По добиеното сознание дека за вредноста на извршениот отпис Општината треба да плати 10% персонален данок, предлогот за отпис е повлечен бидејќи Општината нема можности да го поднесе овој финансиски товар.

Ревизијата го нагласува прашањето за високиот износ на утужени побарувања по основ на срушени објекти. Крајниот исход на судските спорови кои се водат против Општината е неизвесен и може да има влијание на солвентноста и ликвидноста на општината.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 и 12 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар за 2007 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е негативно, додека мислењето за усогласеноста со закони и прописи во извештајот е без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Руфи Османи - Градоначалник на Општина Гостивар во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија, и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 03.05.2011 до 22.05.2011 година, кај Општина Гостивар на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од

извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија, на ден 24.06.2010година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 31-166/3 од 04.08.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

**Интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на сопствените приходи**

4.1.1. Во Општина Гостивар не е воспоставен систем на јавна внатрешна финансиска контрола во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, кој претставува систем на финансиски и други контроли, вклучувајќи методи и процедури на работење.
Воспоставувањето на контролни системи овозможува извршување на активностите на транспарентен, правилен, економичен, ефикасен и ефективен начин.
Невоспоставувањето интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината не е во согласност со членот 5, 6 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Недонесените пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдувањето, наплатата и контрола на пресметките за утврдување на даноците на имот, на специфични услуги и комунални такси го зголемуваат ризикот од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на приходите од даноци, такси и надоместоци..
Градоначалникот на Општина Гостивар во текот на ревизијата донесе пишани интерни процедури за работењето на одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци на имот во кои се вклучени процедури за пресметување, наплата и контрола на пресметките на даноците на

имот и комуналните такси со утврдени постапки на менаџирање и разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во овие процеси.

Во Општина Гостивар во дел од 2010 година нема вработено внатрешен ревизор (постојниот внатрешен ревизор ја напуштил Општината, а нов е вработен во 2011 година).

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Гостивар да обезбеди целосна примена на донесените пишани процедури за пресметување, наплата и контрола на пресметките на даноците на имоти комуналните такси.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Со ревизијата на утврдување и наплата на даночните приходи и комуналните такси е утврдено дека:

- податоците за недвижниот имот на даночните обврзници преземени од Управата за јавни приходи (регистар на недвижен имот) не се целосно ажурирани. Активностите за ажурирање на регистарот на обврзници по основ на данок на имот на физички лица од аспект на утврдување на пазарната вредност на имотот и опфатот на даночните обврзници започнати во 2010 година не се завршени. Кај правните лица во целост е извршено утврдување на пазарната вредност на имотот. Согласно членот 5 од Законот за даноците на имот основа на данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Опфатот на имотот на физичките лица чија пазарна вредност е утврдена во согласност со Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот е мал, што резултира со помалку утврдени и наплатени приходи по основ на данок на имот од физички лица, а даночните обврзници ги става во нерамноправна положба;
- не е извршено усогласување на регистарот на недвижности на Општината со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија во согласност со членот 39 од Законот за даноците на имот, што се одразува на комплетноста на податоците.
- постои ризик од некомплетност и нецелосност на приходите по основ комуналната такса за фирма бидејќи регистарот на обврзници за комуналната такса за фирма, односно назив на деловна просторија за 2010 година не е усогласен со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.

- Не е воспоставена контрола во процесот на пресметувањето на комунална такса за користење простор пред деловните објекти со која ќе се потврди дека пресметката е точна, односно соодветна на просторот кој се користи и висината на комуналната такса. Комуналната инспекција, во 2010 година не излегувала на терен со цел да утврди дали користењето на јавни површини за вршење на дејност се врши врз основа добиено одобрение од општината. Ваквото постапување придонесува за зголемување на ризикот од остварување помалку приходи по овој основ.
- Утврдувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во Општина Гостивар не е во согласност со Правилникот за степенот на уредувањето на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост. Не е извршено усогласување на коефициентите за помошни простории утврдени во членот 4 од Правилникот, што условува пресметување на повисок надоместок за уредување на градежното земјиште.

**Препорака:**

1. Даночното одделение на Општина Гостивар:
   - да продолжи со постапката за ажурирање на податоците во регистарот на недвижен имот;
   - да изврши усогласување на регистарот на недвижен имот со регистарот на Агенцијата на катастар на недвижности, а регистарот на обврзниците на комунална такса за истакната фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.
2. Комуналната инспекција да ја утврди фактичката состојба за користењето на јавни површини за вршење на дејност со одобрение од општината и оние кои тоа го вршат без одобрение.

3. Советот на Општина Гостивар да изврши измени на Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструција и одржување на локални патишта на подрачјето на Општина Гостивар за 2011 година во делот на пресметката на надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно на коефициентите за помошни простории изготвени од страна на Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина заради усогласување со Правилникот за степен на уредувањето на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

4.2.2. На крајот на 2010 година се искажани побарувања по основ на данок на наследство и подарок во износ од 1.929 илјади денари и данок на промет на недвижности и права во износ од 12.672 илјади денари кои во најголем дел

потекнуваат од минати години. Овие побарувања согласно член 38 од Законот за даноците на имот се плаќаат во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението за утврдената даночна обврска. Општинската администрација не обезбедила наплата на побарувањата во законскиот рок. Не се преземени мерки за присилна наплата, што придонесува за помалку остварени приходи и помали активности во остварување на надлежностите на општината.

Според објаснувањата добиени од одговорното лице на Општина Гостивар, изготвен е преглед на застарени побарувања од изминати години и предлог до Советот за донесување одлука за отпис на побарувањата. По добиеното сознание дека за вредноста на извршениот отпис Општината треба да плати 10% персонален данок, предлогот за отпис е повлечен бидејќи Општината нема можности да го поднесе овој финансиски товар. Во услови кога општините со фискалната децентрализација и пренесување на надлежностите наследија значителни износи на побарувања по основ на даноци и такси од УЈП ваквото решение ги оневозможува да го расчистат баластот од минати години.

4.2.3. Во сметководствената евиденција и во Билансот на состојбата не се евидентирани побарување за ненаплатена комунална такса за користење јавни површини пред деловните објекти во износ од 322 илјади денари, искажано во евиденцијата која се води во даночното одделение. Тоа е спротивно на членот 19, став 5 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за таквата состојба е некоординираноста помеѓу даночното одделение и сметководството.
Неевидентирањето на побарувањата придонесува за нереално и необјективно искажување на билансните позиции и финансиските извештаи.

**Препорака:**

- Даночното одделение на Општина Гостивар да ја потврди веродостојноста на побарувањата по основ на данок на промет на недвижности и права и данок на наследство и подарок и преку одделението за правни работи да поведе постапка за нивна наплата.
- Надлежните од сметководството да извршат евидентирање на ненаплатените побарувања за комунална такса за користење јавни површини пред деловните објекти.

4.2.4. Не е извршен попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и нивната старосна структура. Неспроведување на пописот на побарувањата не е во согласност со членот 31-в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Ваквиот начин на

постапување создава ризик од непотврдување на побарувањата и можност за нереално прикажување на побарувањата.

**Препорака:**
Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, да ја задолжи Комисијата да го изврши пописот на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и староснa структура, со цел преземање мерки од страна на службите за нивна навремена наплата.

**5. Ревизорско мислење**

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2.2. и 4.2.3. кои се однесуваат на ненаплатените побарувања по основ на даноците на имот и неевидентирани побарувања во вкупен износ од 14,279 илјади денари е повеќе искажана актива, односно пасива во Билансот на состојбата.
Врз основа на изнесеното во точката 4.2.1., а кое се однесува на неажурираните регистри за данок на имот и комунална такса за фирма, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финансиските извештаи.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Гостивар, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**7. Нагласување на прашања за неизвесност**

Обрнуваме внимание дека Општина Гостивар е тужена страна во судски спорови со повеќе правни и физички лица (47), додека Општината се јавува како тужител само во еден случај, за спор во вредност од 1,504 илјади денари.

Вкупната вредност на утужените предмети не е можно да се утврди бидејќи во 11 случаи не е извршено вештачење и не е искажана проценета вредност на спорот. За 36 судски постапки кои се во тек, вкупната вредност на споровите е проценета на 112.228 илјади денари, што претставува околу 50% од буџетот на Општината за 2010 година. Крајниот исход на судските спорови кои се водат против Општината е неизвесен и може да има влијание на солвентноста и ликвидноста на општината.
Најголемиот дел од споровите се по основ на надомест на штета за срушени објекти во 19 предмети со проценета вредност 95.756 илјади денари.. Останатите тужби се по основ на неплатени извршени работи, експропријација, работни спорови, надомест на штета и надомест на советници за минати години.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

**8. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојбата. Извршено е бришење на обврските спрема добавувачите во износ од 74,964 илјади денари и на долгорочниот долг во износ од 15,000 денари, со истовремено намалување на сметките на временските разграничувања за 89,964 илјади денари, бидејќи овие обврски се евидентирани и искажани и во годишната сметка на основен буџет (637).

Скопје, 16.09.2011 година

ОПШТИНА ГОСТИВАР
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 139.222 | 126.364 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 5.538 | 4.317 |
| Капитални приходи | 3.3. | 13.460 | 3.148 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 52.223 | 57.424 |
| Домашно задолжување | 3.5. | 15.000 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **225.443** | **191.253** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.6.1. | 38.433 | 39.066 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.6.2. | 753 | 1.283 |
| Стоки и услуги | 3.6.3. | 80.481 | 55.608 |
| Субвенции и трансфери | 3.6.4. | 4.873 | 8.857 |
| Социјални бенефиции | 3.6.5. | 575 | 324 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **125.115** | **105.138** |
| **Капитални расходи** | 3.7. | 95.112 | 80.582 |
| **Вкупно расходи** | | **220.227** | **185.720** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **5.216** | **5.533** |

ОПШТИНА ГОСТИВАР
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.216 | 5.533 |
| Побарувања | 4.1.2. | 181.704 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **186.920** | **5.533** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **186.920** | **5.533** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 186.920 | 5.533 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **186.920** | **5.533** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **186.920** | **5.533** |

ОПШТИНА ГОСТИВАР

ОСВРТ НА РЕВИЗИЈАТА ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ – СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

**Преглед 1**

**Резултати**
**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Општина Гостивар на сметката на основен буџет (630)**

<table>
<tr><th>Бр./ врска на наод от</th><th>Наод</th><th>Ревизорска област<br>Препорака</th><th>Статус на препораката</th><th>Коментар на ревизорот/ субјектот</th></tr>
<tr><td>1</td><td>2</td><td>3</td><td>4</td><td>5</td></tr>
<tr><td>1.1.1.</td><td>При оценка на системот на интерни контроли, кај процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме постоење на ризик од ненавремено, нецелосно и неточно утврдување на приходите.</td><td rowspan="4">Даночното одделение да ги изврши следните работи:<br>1) да го ажурира регистарот на даночни обврзници по основ на данок на имот;<br>2) да врши усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот со податоците на Државниот завод за геодетски работи;<br>3) да врши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса за истакната фирма со податоците од Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи;<br>4) при утврдување на пазарната вредност на градежните објекти да ја применува Методологијата за утврдување на пазарната вредност;<br>5) за реално утврдување на таксата за користење на простор пред деловни</td><td rowspan="4">1) Во тек<br>2) Не е спроведена<br>3) Не е спроведена<br>4) Спроведена<br>5) Спроведена<br>6) Спроведена</td><td></td></tr>
<tr><td>11.1.1.</td><td>Утврдување и наплата на данокот на имот:<br>- податоците за даночните обврзници добиени од УЈП не се ажурирани, проценката на пазарната вредност на имотот не се врши согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност и не се врши редовно усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Државниот завод за геодетски работи.</td><td></td></tr>
<tr><td>11.1.2.</td><td>Регистарот на обврзници за комуналната такса за истакната фирма не е усогласен со податоците од Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи.</td><td></td></tr>
<tr><td>11.1.3.</td><td>Комунална такса за користење простор пред деловни простории:<br>- комисијата на општината не врши увид на лице место, нема доказ за извршената пресметка на висината на таксата и нејзина проверка, не е воспоставен регистар на обврзници, и не е воспоставена евиденција за побарувањата по овој основ.</td><td></td></tr>
</table>

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.1.4 | Кај процесот на пресметување и наплата на данок на промет на недвижности, наследство и подарок: не постојат пишани процедури за движење на документацијата, нема разграничување на надлежностите во процесот на утврдување и наплата на данокот на промет, при утврдување на пазарната вредност на недвижностите кај дел од предметите комисијата се повикува само на членот 16 од Методологијата, кој регулира само дел од пазарната вредност по основ на макролокацијата и кај дел од изготвените записници нема потис од сите членови на комисијата. | простории за вршење на дејност, комисијата да излегува на лице место, да изготвува авторизиран записник за извршениот увид, и<br>6) да се воведе регистар на обврзници и евиденција на побарувањата по основ на комунална такса за користење простор пред деловни простории за вршење на дејност. | | |
| **1.2.** | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.2.1 | Општина Гостивар имала обврска да донесе ребаланс согласно член 36 од Законот за буџетите, заради неостварување на планираните приходи за повеќе од 5%, кој го донесува Советот на општината на предлог на градоначалникот. | Градоначалникот во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот. | Спроведена | |
| 11.2.2. | Надоместокот за изработка на просторни и урбанистички планови не се уплатува во целиот износ на пропишаната трезорска сметка. | Надоместокот за изработка на урбанистички планови, да се плаќа на соодветна трезорска сметка. | Не е спроведена | |
| **11.4.** | **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите** | | | |
| 11.4.1. | Приходите по основ данок на промет на недвижности и права не се реално искажани и тоа:<br>- поради погрешно утврдена даночна основица при продажба на недвижен имот со јавно наддавање и<br>- не е користена Методологијата за утврдување на пазарната вредност, | Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот да ја утврдува основицата за данок на промет во извршна постапка, согласно одредбите од Законот за даноците на имот, и Методологијата за утврдување на пазарната вредност. | Спроведена | |
| 11.4.2. | Ревизијата се оградува од давање мислење за реалноста и објективноста на приходите искажани во финансиските извештаи за 2007 година на ставката Даноци на специфични | Градоначалникот и Советот на Општина Гостивар да преземат мерки надлежноста утврдена со закон во делот | Спроведена | |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | услуги бидејќи општина Гостивар не остварува целосна наплата на сопствените приходи во делот на локалните надоместоци кои се строго наменски.<br>Во Општина Гостивар, наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште ја врши ЈП Гостивар. | на утврдување и прибирање на сопствените приходи (надоместокот за уредување на градежно земјиште), како и уредувањето на градежното земјиште да ја извршува општината. | | |

*Ревизорски тим:*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*

______________________